ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

# Програма 2025-2027

ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА,
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Скопје, 20 декември 2024**

# Програма за 2025 – 2027 година на Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика-ИЕГЕ

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

# Содржина

1. Вовед ..... 3
   1.1. Оправданост за позиционирањето на ИЕГЕ ..... 4
   1.2. Стратегиски цели за периодот 2025 – 2027 година ..... 8
   1.3. Клучни приоритети ..... 9
   1.4. Уникатност во пристапот на ИЕГЕ ..... 13
   1.5. Управување на ИЕГЕ ..... 14
2. Активности во научно-истражувачка дејност ..... 16
   2.1. Градежништво ..... 17
   2.2. Животна средина ..... 17
   2.3. Енергетика ..... 17
   2.4. Економски науки ..... 18
   2.5. Организациски науки ..... 18
   2.6. Архитектура, урбанизам и планирање ..... 18
   2.7. Правно-политички науки ..... 18
3. Активности во едукација ..... 19
4. Апликативна работа и консултанство ..... 21
5. Интернационализација и меѓународна соработка ..... 23
6. Видливост, промоција и соработка со јавност ..... 25
7. Организација, квалитет и финансии ..... 27

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

# 1. Вовед

Инвестициите во науката и образованието претставуваат темел за одржлив раст и напредок на секое општество. Тие го забрзуваат технолошкиот развој, ја зголемуваат способноста за иновации и го намалуваат јазот помеѓу побарувачката и понудата на пазарот на трудот. Компаниите кои вложуваат во овие области не само што ја зајакнуваат својата конкурентност, туку и активно придонесуваат кон економскиот и социјалниот развој. Таквите вложувања создаваат нови технологии и производи кои ја подобруваат ефикасноста и квалитетот на животот, додека истовремено генерираат високо квалификувани работни места што го зајакнуваат човечкиот капитал. Овие инвестиции преточени во применети истражувања се од особено значење и неопходност за С. Македонија. Применетите истражувања претставуваат мост помеѓу теоријата и практиката, поврзувајќи ги научните знаења со реалните потреби на индустријата и општеството. Тие обезбедуваат решенија за специфични пазарни и општествени предизвици преку иновативни пристапи, додека истовремено го поддржуваат одржливиот развој со решенија за климатските промени, циркуларна економија и одржливи системи. Применетите истражувања ја зголемуваат конкурентноста на организациите преку креирање уникатни производи и услуги, со долгорочна економска, социјална и еколошка вредност.

Градежен институт Македонија (ГИМ) е пример за лидерска компанија која активно инвестира во наука и образование. Нивната посветеност е јасно видлива преку основањето на Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика (ИЕГЕ). Визијата на ГИМ за градење поконкурентно и одржливо општество е поттикот за воспоставување на ИЕГЕ, кој се истакнува со уникатната способност да ја комбинира академската експертиза со практичните индустриски потреби.

ИЕГЕ, преку блиска соработка со индустриски и академски партнери, ја зајакнува истражувачката и иновациската способност на човечкиот капитал. Институтот создава применливи знаења кои не само што одговараат на потребите на индустријата и заедницата, туку и го поддржуваат глобалниот напор за справување со климатските промени, развој на циркуларна економија, бизнис трансформација и создавање одржливи системи.

Инвестициите во науката и образованието се клучни за одржливиот развој и конкурентноста на компаниите и општеството. Преку насочување на ресурси кон истражување и едукација, се зајакнува човечкиот капитал, се промовираат иновации и се отвораат нови можности за раст. ИЕГЕ со своите напори поставува стандарди за тоа како вложувањата во применети истражувања можат да креираат поквалитетни, иновативни и одржливи општества, истовремено инспирирајќи ги другите организации да го следат овој пример.

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

## 1.1. Оправданост за позиционирањето на ИЕГЕ

Инвестирањето во научни истражувања и едукација е од суштинско значење за постигнување одржлив економски раст и еколошка отпорност (одржливост), градејќи општество подготвено да се справи со предизвиците и да ги искористи можностите од транзицијата кон циркуларна економија и отпорност на климатски промени. Визионерскиот порив на ИЕГЕ е да придонесе кон решавање на општествените и економските прпедизвици и да се вклучи во научно-истражувачки и едукативни активности кои се од јавен национален интерес. За таа цел, изготвувајќи ја програмата за 2025-2027 година, ИЕГЕ направи преглед на постоечките стратешки документи и политики, земајќи ги превид предизвиците и потребите во државата и регионот, како и можностите и бенефитите кои ги носи научната мисла и трансферот на знаење и технологии во општеството и економијата.

**Стратешки документи и политики (ЕУ, регионално и национално ниво)**

- **Европски Зелен Договор:** Основната стратегија на ЕУ за постигнување климатска неутралност до 2050 година, во кој се поттикнува прекугранична соработка, вклучувајќи ги и земјите од Западен Балкан, со цел усогласување со климатските и циркуларните цели на ЕУ.
- **Акционен план за циркуларна економија (2020):** Стратегија која го забрзува преминот кон циркуларна економија преку одржлив дизајн на производи, зајакнување на потрошувачите и промовирање на рециклирање и повторна употреба. Сектори кои се во фокусот се електроника, градежништво, пластика и текстил. Во склад на овој документ е и пакетот „Fit for 55“ кој содржи законски предлози за намалување на емисиите на стакленички гасови за најмалку 55% до 2030 година, промовирајќи циркуларна економија и одржливи финансии.
- **Зелена агенда за Западен Балкан (2020) и Софиската декларација за зелена агенда:** Патоказот за одржлив развој во регионот, кој се фокусира на пет главни столбови: климатска акција, циркуларна економија, биодиверзитет, чиста енергија и борба против загадувањето. Акцискиот план за спроведување на Софиската декларација укажува на потребата од кампањи за подигнување на свеста, создавање политички рамки и зајакнување на капацитетите за усвојувањето на циркуларната економија.
- **Европски инвестициски план (EIP) за Западен Балкан:** Поддржува долгорочно економско закрепнување преку одржлив и инклузивен развој, промовирајќи зелено финансирање, превенција од отпад и ефикасно користење на ресурсите.

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

Дрезденска 52
1000 Скопје
Република Северна Македонија

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

- **Хоризонт Европа:** Главната програма за истражување и иновации на ЕУ (2021–2027), која обезбедува значително финансирање за зелени иновации, проекти за циркуларна економија и системи отпорни на климатските промени.
- **Европска агенда за вештини:** Промовира унапредување и преквалификација за поддршка на зелената и дигиталната транзиција, обезбедувајќи работната сила да биде подготвена за новите економски можности во циркуларност и одржливост.

**Национални стратегии и политики за Северна Македонија**

- **Национален енергетски и климатски план:** Усогласен со политиките на ЕУ, овој план ги поставува целите за обновлива енергија, енергетска ефикасност и намалување на стакленичките гасови.
- **Национална стратегија за управување со отпад (2020–2030):** Има за цел премин од линеарно управување со отпад кон циркуларни модели, со акцент на рециклирање, повторна употреба и одржливи практики за управување со отпад.
- **Стратегија за зелен раст (2021):** Фокусот е на декарбонизација, ефикасно користење на ресурсите и развој на зелени работни места, особено во секторите за енергија, земјоделство и индустрија.
- **Индустриска стратегија 2022–2030:** Приоритети вклучуваат иновации, дигитализација и одржливост во производството и преработката, со интеграција на принципите на циркуларната економија во политиките.
- **Стратегија за паметна специјализација:** Идентификува приоритетни области за иновации и истражување, вклучувајќи зелени технологии, одржливи индустрии и циркуларна економија, како дел од поширокиот процес на пристапување во ЕУ.
- **Четврт Национален план за климатски промени** (2023), кој ги дефинира активностите и обврските на земјата за справување со климатските промени, со детакни псецификации за секторите на животна средина, води, енергетика, стопанство и општествени фактори.

Досегашните искуства и анализи посочуваат на низа предизвици кои треба да бидат адресирани, како на пример ограничена инфраструктура и капацитети, посебно во делот на управување со отпад, немање доволно ресурси и технологии за примена на циркуларни принципи, како и недоволна свест и едукација за истите. Секако мора да се има предвид и дека одржливите проекти, зелени иновации и бизнис-трансформации често бараат значителни инвестиции и овој аспект треба

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

да се опфати во истражувачката дејност. Дополнително, постојат недоволно развиени иновации во регионот, заедно со слаба поддршка за истражување и развој, кои ги ограничуваат можностите за интегрирање на нови, одржливи технологии.

Активностите кои ја поддржуваат зелената транзиција и градењето на одржливи системи, делуваат како поттик за истражувања и иновации, придонесуваат за низа можности, како на пример:

- Економска конкурентност и раст, преку ефикасно користење на ресурсите, намалување на трошоците за производство, нови пазари, производи и услуги;
- Подобрување на животната средина, позитивно влијаејќи преку поттикнување на циркуларната економија, која значително го намалува отпадот, загадувањето и користењето на природни ресурси;
- Создавање на нови работни места во области како еко-дизајн, паметни технологии, обновливи извори на енергија, рециклирање и др., делува на подобрена социјална стабилност и вработеност.

Овие теми се од клучно значење за создавање одржлива иднина. Преку надминување на предизвиците и искористување на можностите, општеството може да постигне економски, социјален и еколошки напредок, што ќе обезбеди долгорочни придобивки за сите.

Научните истражувања, иновациите и едукацијата се клучни двигатели за трансформација на општествата и економиите кон зелена и одржлива иднина. ИЕГЕ е посветен кон научни истражувања кои поттикнуваат иновативни решенија за справување со еколошките предизвици и ефикасна примена на циркуларната економија, како и развој на компетенции кои ќе им помогнат на поединците и организациите да се адаптираат и напредуваат во зелените индустрии, пополнувајќи ги празнините во вештините и намалување на јазот на пазарот на труд.

Очекуваните ефекти и позитивно влијание од научните истражувања, иновациите и едукацијата се повеќекратни:

- **Намалување на климатските ризици**

Научните истражувања и едукацијата се клучни за развивање на иновативни решенија, подигнување на свеста и градење капацитети за ефикасно справување со овие предизвици. Преминот кон одржливи системи и модели на циркуларна економија може да помогне во намалување на емисиите на стакленички гасови, зајакнување на отпорноста кон климата и заштита на биодиверзитетот. Поттикнување соработка помеѓу академијата, индустријата и јавните институции е од суштинско значење за развој на иновативни решенија што ќе одговорат на регионалните потреби за климатска отпорност и циркуларна економија.

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

- **Поттикнување економски раст**

Стратегиите за циркуларна економија нудат огромен потенцијал за регионален економски раст преку намалување на производствените трошоци, зголемување на ефикасноста на користењето на ресурсите и поттикнување на иновациите. Образованието игра клучна улога во опремувањето на луѓето со вештини и знаења за вклучување во овие сектори, додека научните истражувања ги поттикнува технолошките и одржливи практики што ја зголемуваат конкурентноста и растот на БДП.

- **Придобивки од соработка, хармонизација и регионална соработка**

Усогласувањето на стратегиите низ Западен Балкан обезбедува конзистентен напредок и ја засилува интеграцијата на регионот со политиките на ЕУ. Ова е клучно за постигнување на заеднички цели во однос на климатските промени, циркуларната економија и одржливото економско растење.

- **Информирано носење одлуки**

Научните истражувања и едукацијата им овозможуваат на креаторите на политики, бизнисите и заедниците да носат одлуки засновани на податоци, осигурувајќи усогласеност со целите за одржливост и максимизирање на економските и еколошките придобивки.

- **Јакнење на капацитетите**

Потребни се обуки и кампањи за подигнување на свеста, насочени кон носителите на политики, бизнисите и граѓаните, со цел да се зајакнат нивните знаења и способности за применување на практики од циркуларната економија.

- **Културна промена**

И научните истражувања и едукацијата играат клучна улога во подигнувањето на свеста, промената на начинот на размислување и вградувањето на одржливоста како основна вредност во општеството.

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

## 1.2. Стратегиски цели за периодот 2025 – 2027 година

Визија на ИЕГЕ за периодот 2025-2027 година е ИЕГЕ да израсне во Центар за извонредност во научни истражувања и едукација на национално и регионално ниво, поттикнувајќи креирање на одржливи системи, поддржување на процесот кон одржлива бизнис трансформација, отпорност и адаптибилност од климатски промени и циркуларна економија.

Стратегиските цели се во склад со главната дејност за вршење научно-истражувачката работа и исполнување на јавниот интерес во дејноста за која е основан институтот:

- Да придонесе за развојот на научната мисла и подигање на научното ниво во науката за одржливост преку интердисциплинарен и траснрдисциплинарен пристап вклучувајќи ги научните полиња животна средина, градежништво, енергетика, архитектура, компјутерска техника и информатика, економски, организациски и правни науки.

- Да придонесе за трансферот на светските знаења, технологии и вештини во поставените клучните приоритети: справување со климатски промени, поттикнување на циркуларна економија, креирање одржливи системи и поддршка при бизнис трансформација, поврзувајќи ја науката со стопанството и индустријата.

- Да придонесе кон вкупниот развој на С. Македонија во научните подрачја за кои е основан преку спроведување на научни истражувања, иновации и едукативни програми, во соработка со академски, јавни, невладини и бизнис организации.

- Да продолжи да ги унапредува компетенциите на кадрите за научно-истражувачка и образовна работа, како и да делува за осовременување на научно-истражувачката инфраструктура соработувајќи со партнери од земјата и странство.

ИЕГЕ е посветен да преку колаборативни партнерства се зголемува истражувачкиот и иновативниот потенцијал на човечкиот капитал со цел остварување на додадена вредност и конкурентска предност кај институциите со кои соработува.
Водечката стратегија на ИЕГЕ е креирана со ориентација кон одржлив развој и економија базирана на знаење, за да се охрабрат сегашните генерации да продолжат со откривање, креирање, моделирање, извршување, мониторинг и подобрување на активностите на истражување и развој,

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

и применетото знаење, вештини и компетенции потребни за обезбедување благосостојба на идните генерации.

## 1.3. Клучни приоритети

Имајќи предвид глобалните случувањата и предизвици, актуелните стратегии и политики на европско, регионално и национално ниво, како и потребата од научни истражувања, иновации и едукација, ИЕГЕ се фокусира на активности кои ќе придонесат кон развој на нови можности и позитивно влијание во четири клучни приоритети:

- Зголемување на отпорност и адаптибилност кон климатски промени,
- Поттикнување на циркуларна економија,
- Креирање на одржливи општествени и економски системи,
- Поддршка при бизнис трансформација.

➢ **Зголемување на отпорност и адаптибилност кон климатски промени**

Климатски промени се забележуваат преку екстремните временски појави како што се суши, поплави и зголемени температури, кои имаат сериозни последици за природата и човечките заедници. Оттука и потребата за климатска отпорност, која се однесува на способноста на екосистемите, општините и економиите да се прилагодат на овие климатски промени и да ги ублажат нивните ефекти. Тоа вклучува изградба на инфраструктура која може да ги издржи екстремните климатски настани и создавање на системи кои помагаат на општествата да се соочат со идните климатски предизвици. Исто така, значајна е и климатската адаптација, која вклучува стратегиите и мерките кои овозможуваат прилагодување на новите климатски услови. Овие стратегии вклучуваат промената на практики, пример во земјоделието, користење обновливи извори на енергија, адаптирање на урбаното планирање и создавање на политики за намалување на ризиците од климатските промени.
За да се справиме со климатските промени потребни се иновации, нови истражувачки методи и едукативни програми за разбирање на ефектите од климатските промени и за развој на адаптивни

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

решенија кои ќе ја зголемат отпорноста на регионите. Научните истражувања треба да се фокусираат на создавање на технолошки и природни решенија за ублажување на климатските промени и за подобрување на отпорноста на заедниците и екосистемите, а со тоа создавање на одржливи и отпорни општества.

- **Поттикнување на циркуларна економија**

Циркуларната економија е модел на економски развој кој се фокусира на оптимално користење на ресурсите, намалување на отпадот и продолжување на животниот век на производите. Овој модел е спротивен на традиционалната линеарна економија која се базира на "земи, направи, фрли". Циркуларната економија промовира повторна употреба, поправка, рециркулација и реинтеграција на материјалите во економијата, со цел да се минимизираат негативните ефекти врз животната средина и да се создадат нови економски можности.
Потребата и итноста за циркуларна економија може да се разбере поради:

- Постепеното исцрпување на природните ресурси - циркуларната економија нуди решенија кои ја намалуваат зависноста од нови ресурси, преку користење на веќе постоечките и намалување на отпадот.
- Климатските промени и загадување - примената на циркуларни принципи ја намалува потребата за преработка на нови материјали, што директно придонесува за намалување на CO2 отпечатоците.
- Економската неопходност - циркуларната економија обезбедува нови бизнис модели кои се повеќе фокусирани на ефикасноста и намалување на трошоците.

Циркуларната економија промовира оптимизирано користење на суровини преку ревизија на дизајнот на производите (еко-дизајн), што подразбира лесно разложување и рециклирање по крајниот животен век на производите. Циркуларната економија претставува клучен чекор кон создавање на одржлива иднина. Таа носи многу придобивки за животната средина, економијата и општеството, а истовремено отвора нови можности за иновации и бизнис модели кои ќе ја поттикнат идната глобална конкурентност и благосостојба.

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828A

- **Креирање на одржливи системи**

Креирање и водење одржливи системи се однесува на развој и имплементација на стратегии и процеси кои осигуруваат долгорочна стабилност на економијата, животната средина и општеството. Одржливите системи се оние кои интегрираат еколошки, социјални и економски аспекти во секој аспект на нивното функционирање, создавајќи баланс помеѓу развојот и заштитата на природните ресурси.

При креирањето и водењето на одржливи системи неопходен е холистички и интегративен пристап:

- Холистички пристап: Одржливите системи не можат да се постигнат со поединечни иницијативи или секторски пристапи. Потребно е интегрирање на различни фактори - економски, еколошки и социјални - во една сеопфатна стратегија. Холистичкиот пристап ја зголемува ефикасноста на иницијативите и обезбедува долгогодишни решенија кои не само што ги решаваат моменталните предизвици, туку и ја предвидуваат иднината на општеството и планетата.
- Интеграција на сите засегнати страни: За создавање одржливи системи, неопходно е активно вклучување на сите засегнати страни - влади, бизнис сектор, образовни институции, граѓански организации и локални заедници. Кога сите актери ќе работат заедно, се создаваат услови за постигнување на поефективни и долгорочни резултати.
- Системско размислување: Креирањето одржливи системи бара системско размислување - да се гледа на проблемите како дел од поширокиот контекст и да се разберат меѓусебните врски помеѓу економските, еколошките и социјалните аспекти. Системското размислување помага да се идентификуваат клучните точки за промена и да се најдат долгорочни решенија кои ќе бидат одржливи и ефективни.
- Простор за иновации: Креирањето одржливи системи подразбира овозможување простор за нови идеи и иновации. Бизнисите и истражувачките институции треба да се поттикнат на иновации кои ја подобруваат ефикасноста, намалуваат отпадот, го оптимизираат користењето на ресурсите и водат кон економски раст. Овие иновации мора да бидат поддржани со силни политики, инвестициски стратегии и научно-истражувачки напори.

Креирањето и водењето одржливи системи е комплексен и долгорочен процес кој вклучува сите актери во општеството. Пристапот кој ги интегрира еколошките, економските и социјалните аспекти, како и соработката помеѓу сите засегнати страни, е клучен за успешен резултат. Системско размислување, стратегиски политички рамки, иновации и силен екосистем за истражување и образование се неопходни за да се изградат одржливи и конкурентни системи кои ќе бидат основа за идниот економски и социјален развој.

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

Дрезденска 52
1000 Скопје
Република Северна Македонија

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

- **Поддршка на бизнис трансформација**

Бизнис трансформацијата се однесува на процесот на промена во начините на работа на компаниите, кој вклучува адаптација на новите услови на пазарот, имплементација на иновации и променети стратегии со цел да се обезбеди долгорочен раст и одржливост. Потребата за бизнис трансформација доаѓа од потреба за одржливост,  што подразбира прилагодување на бизнис моделите со новите регулативи за заштита на животната средина и да минимизирање на негативните влијанија врз природата. Исто така, примената на циркуларни принципи во бизнисите доведува до намалување на трошоците и зголемување на ефикасноста, нови начини на користење на ресурсите, повторната употреба на производи и рециклирање, што го намалува отпадот и ја подобрува економската одржливост. Дополнително, промените во глобалниот пазар, како што се новите регулативи за климатски промени, зголемени трошоци за ресурси и повисоки очекувања од потрошувачите во однос на еколошка одговорност, ја прават трансформацијата на бизнисите неопходна. Компаниите кои се прилагодуваат на овие промени се поподготвени да се справат со идните предизвици и да ја зголемат својата конкурентност. Успешната бизнис трансформација започнува со подготовка на организацијата за промени. Тоа вклучува развој на нови бизнис стратегии, реорганизација на процесите и воведување на нови технологии.

Бизнис трансформацијата е клучна за идниот успех и конкурентност на компаниите. Поддршката во процесот на трансформација, преку научно-истражувачки проекти, едукација и консултантски услуги, играат голема улога во овие напори. Партнерства помеѓу компаните и научно-истражувачките институции можат да обезбедат решенија кои ќе овозможат поефикасна употреба на ресурсите и намалување на негативниот еколошки отпечаток. Бизнисите кои го прифаќаат овој модел не само што ќе создадат повеќе економски можности, туку и ќе допринесат за зачувување на животната средина и создавање одржлива иднина.

Дрезденска 52
1000 Скопје
Република Северна Македонија

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

## 1.4. Уникатност во пристапот на ИЕГЕ

ИЕГЕ ја реализира стратешката поставеност и мисија преку својата експертиза, креирајќи методологии и иновативни пристапи. Уникатноста на ИЕГЕ се одликува во примената на:

- ✓ **КО-ИН© моделот**

КО-ИН© моделот делува на градење колаборативни и иновативни партнерства, кој овозможува комуникација и долгорочна соработка помеѓу релевантните стеикхолдери (индустрија, едукативни институции, влада и јавни институции, професионални асоцијации, невладини организации).
КО-ИН© моделот може да се примени на микро ниво во компанија, со поставување на центар за истражување и развој, или на макро ниво, со поставување на кооперативни центри за научни истражувања и развој, во соработка помеѓу едукативни, истражувачки и бизнис организации. Моделот го поддржува креирањето одржливи системи, негувањето на стратешки партнерства, поттикнува иновативност и вклученост на сите засегнати страни. Со моделот се ко-креира ново и применливо знаење, се зголемува потенцијалот за иновации и деловен развој преку заеднички научно-истражувачки проекти, а на долг рок се делува на намалување на јазот помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на труд.

- ✓ **Примена на иновативна рамка за размислување**

При решавање на комплексни, отворени, поврзани проблеми потребен е холистички пристап, активна вклученост на сите засегнати страни, кои заеднички придонесуваат до наоѓање на одржливи решенија преку системско размислување и иновации.
Ефектите од примената на овој пристап е прво, откривање на нови начини на согледување на проблемите, второ, надминување на парадоксот кој наизглед го прави проблемот нерешлив, трето, партиципативно донесување на одлуки со вклученост на сите стеикхолдери, и четврто, наоѓање на одржливи решенија. Употребливата вредност на овој пристап е голем, посебно кога се адресираат проблеми од областа на одржливост, опфаќајќи разни аспекти и гледишта.

- ✓ **Менаџирање на знаење и интелектуален капитал**

ИЕГЕ дава поддршка на организациите да се трансформираат во организации кои учат, поставувајќи систем за управување со знаење и интелектуален капитал. Со втемелување на интелектуалниот

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

капитал во стратегијата и бизнис планот, организациите имаат можност за зголемување на нивната конкурентна предност и создавање на додадена вредност од нивните ресурси.
ИЕГЕ ги поттикнува компаниите да инвестираат во наука и едукација, да учествуваат во апликативни истражувања, и да го зголемат својот потенцијал за иновации.

- ✓ **Интердисциплинарен и трансдисциплинарен пристап во научните истражувања и едукацијата**

Комплексноста на проблемите како што е одржливоста, климатските промени, циркуларната економија, ги наметнува како неопходни интердисциплинарниот и трансдисциплинарниот пристап. Овие пристапи овозможуваат да се направи потребниот трансфер на знаење и технологии во акција, преку соработка помеѓу науката и другите чинители, како што се компаниите, професионалните и бизнис асоцијациите, јавните институции и невладиниот сектор.
Методите кои се применуваат во овие истражувања се иновативни и сеопфатни, како на пример живи лаборатории, анализа на сценарија, симулации, моделирање и сл. Со заедничката вклученост во истражувањата се постигнува неопходната трансформација и влијание во општеството, која резултира во применливи, одржливи решенија.

## 1.5. Управување на ИЕГЕ

Уште од самото основање ИЕГЕ е позициониран да биде интерфејс (посредник и овозможувач) помеѓу академијата и бизнисот, да обезбеди меѓусебна плодна размена на знаења, идеи, експертиза, креирајќи платформи за соработка и вмрежување. Институтот се темели на три столба: научно-истражувачка и апликативна дејност, доживотно учење и консултантство.

Главните активности на ИЕГЕ се:

- Спроведување на научно-истражувачки и апликативни проекти и активности;
- Развој и имплементирање на едукативни програми, како на пример, програми за доживотно учење, специјализирани програми, курсеви, работилници, форуми и тркалезни маси;
- Консултантски услуги за клиенти и партнери.

Дрезденска 52
1000 Скопје
Република Северна Македонија

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

Организацијата на ИЕГЕ се спроведува преку следната организациска структура:




ИЕГЕ има јасна структура за управување, донесување одлуки и дефинирање на одговорности. Органи кои го управуваат и насочуваат работењето на ИЕГЕ се Советот, Научниот совет и Советодавното тело.

- Советот е одговорен за стратешкото управување на институтот, определувајќи ја насоката на развој и делување, поставувајќи ги целите и амбициите. Ова тело е исто така одговорно за следење на постигнувањата, и креирање култура на континуирано подобрување и организациски развој. Советот се состанува четири пати годишно.
- Научниот совет се грижи за иницирање и спроведување на научните истражувања, учеството на конференции, симпозиуми, како и го поттикнува публикувањето на научните резултати. Наученииот совет е составен од професори и експерти од различни научни подрачја, и го поддржува интердисциплинарниот и трансдисциплинарниот пристап во истражувањата. Во текот на годината се одржуваат минимум четири седници на Научен совет.
- Советодавното тело е составено од професори и експерти од практиката, со главна цел да споделат видици, предлози за идни научни истражувања и едукација во склад со светските трендови (во економијата, општеството, културата, технологијата). Членовите на советодавното тело се среќаваат еднаш годишно.

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

## 2. Активности во научно-истражувачка дејност

Научно-истражувачката дејност ИЕГЕ ја реализира во повеќе дисциплини од областа на техничките, економските, правните и организациските науки. Институтот соработува со други институции, надворешни соработници од различни профили, а има создадено и широка мрежа за соработка со релевантни институции од земјава и од светот.

За работата на институтот во научна-истражувачка и апликативна дејност се грижи Научниот Совет на ИЕГЕ. Научниот совет е интердисциплинарен, составен од 10 членови, во мешан состав на вработени во ИЕГЕ, ГИМ и надворешно ангажирани професори.

Во ИЕГЕ се реализираат три вида научно-истражувачки проекти:

- Меѓународни научни истражувања во рамки на проекти финансирани од ЕУ фондови,
- Апликативни истражувања во рамки на проекти кои се финансирани од јавни институции,
- Заеднички научно-истражувачки проекти каде ИЕГЕ учествува со сопствени средства и инвестиции од компании.

Дополнителна вредност на заедничките научно-истражувачки проекти е што резултатите се релевантни и применливи во тековни меѓународни проекти и се основа на конципирање на нови меѓународни предлог проекти. Објавените трудови и учеството на конференции исто така придонесува во градењето на експертиза и референци на ИЕГЕ.
За периодот од 2025 до 2027 година се планира да се продолжат започнатите активности, како и да се иницираат и нови. Имено, ИЕГЕ ќе работи на унапредување, проширување и комплетирање на тековните научни истражувања, иницирање на нови научни истражувања, а континуирано ќе посвети ресурси и за научна дисеминација и валидација на постигнатите, како и за дисеминација во кругови на експертска и широка јавност. Исто така, за одредени резултати креирани како резултат на научно-истражувачката работа, ИЕГЕ ќе одвои ресурси и ќе работи на комерцијална експлоатација на резултатите од научно – истражувачка работа кои имаат иновациски потенцијал, со главен мотив на ставање на резултатите од истражувањата на корист и за добро на економијата и општеството. Институтот соработува со други институции, надворешни соработници од различни профили, а има создадено и широка мрежа за соработка со релевантни институции од земјава и од светот.
ИЕГЕ има развиена и применета политика на извонредност и квалитет на истражувањата. За актуленоста, квалитетот, извонредноста и професионална етика на научните проекти се грижи

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

Научниот совет, кој што со ги одобрува и следи истражувачките проекти и нивните резулати. Дополнителна научна верификација се реализира преку објавување на истражувањата и резултатите во реномирани списанија и конференции.

Во продолжение се прикажани темите на научно-истражувачките проекти кои се во тек или ќе започнат во наредиот период.

## 2.1. Градежништво

- Влијание на дигитални вештини врз перформансата на одржливост во градежниот сектор
- Тестирање и развој на одржливи материјали во градежништво
- Истражување на процеси за претворање градежен отпад во секундарни суровини применливи во градежни производи (панели за сидови, изолациони материјали, бетонски агрегати и сл.)
- Деконтаминација и рециклирање на отпад од индустриски процеси со нова употребна вредност во градежништвото
- Примена на концептот „Нула отпад“ во градежништвото, како дел од градски и рурален урбан развој
- Анализа на трендовите во градежништвото и креирање на стратегија за компетенции

## 2.2. Животна средина

- Модел за оптимизација за управување на води адаптирано кон климатските промени
- Моделирање на хидролошко - климатски процеси
- Подготовка на планови за управување со отпад и вода
- Подобрување на климатската отпорност на еколошкиот, економскиот и социјалниот сектор поврзан со употребата на вода
- Интегрален модел за економска и еколошка евалуација на проекти за вештачка акумулација

## 2.3. Енергетика

- Климатска адаптивност и неутралност на енергетскиот сектор, базирана на обновливи извори на енергија
- Енергетска ефикасност на станбени и индустриски објекти и процеси
- Методолошки пристапи, модели за аплицирање и примена на софтвери и софтверски алатки за проектирање и евалуација на енергетски проекти
- Технолошки иновации базирани на енергетска синергија со други сектори (градежништво, екологија, управување со вода и отпад)

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

## 2.4. Економски науки

- Поврат на инвестиции во наука и човечки капитал
- Квантитативни методи за евалуација на интелектуалниот капитал во финансиските извештаи
- Системски пристапи за поттикнување на циркуларна економија (политики и управување, алокација на капитал, побарувачка на пазарот, вклученост на граѓани)
- Нови бизнис модели во циркуларна економија
- Создавање на регионален хаб за циркурална економија во соработка со стопанските комори
- Влијание на социо-економски услови на климатски промени
- Истражувања на економија на труд и стратегии со управување со знаење

## 2.5. Организациски науки

- Истражување во сите аспекти на интелектуален капитал (човечки, релациски и структурен капитал) во релација на зголемување на одржливоста на организациите
- Ефективни стилови на лидерство и менаџмент во подготвеност на промени и бизнис трансформација
- Градење на одржливи еко-системи со 5 хеликс моделот

## 2.6. Архитектура, урбанизам и планирање

- Енергетска ефикасност на градби со историско значење
- Климатска адаптивност и неутралност на културното наследство
- Одржлива реставрација и обнова со употреба на одржливи материјали на градби со историско значење
- Анализа на стратегии и легислатива поврзана со културното наследство и климатската отпорност на градбите од културното наследство
- Проценка на ризици од климатски промени, хазардни промени кај градбите од културно наследство

## 2.7. Правно-политички науки

- Одржлива локална самоуправа со примена на пристап за решавање комплексни проблеми
- Иновативни методи за поттикнување на вклученост на сите засегнати страни при креирање политики и донесување одлуки

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

Дрезденска 52
1000 Скопје
Република Северна Македонија

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

# 3. Активности во едукација

Еден од трите главни столба на кои се заснова ИЕГЕ е едукацијата.
ИЕГЕ е посветен да понуди едукативни програми кои се специјално креирани според потребите на учесниците и пазарот на трудот, вклучувајќи иновативни методи за учење, со цел да се стекнат нови знаења, развијат вештини и компетенции, кои ќе придонесат за поголема конкурентност на учесниците и нивен кариерен развој. ИЕГЕ активно учествува со повеќе нивоа на образование и со учесници од различни таргет групи: високо образование, неформално образование - образование на возрасни, стручно образование, образование за млади.

За периодот од 2025 до 2027 година во доменот на едукација се планираат следните активности:

- Анализи на потребите од одредени знаења и вештини, анализи на пазарот на трудот, бенчмарк анализа на добри едукативни програми во склад со најновите технолошки трендови, развој на матрици на компетенции и сл. Овие активности се спроведуваат со цел да се намали јазот кој постои на пазарот на труд, помеѓу понудата и побарувачката. Очекувани резултати од овие анализи ќе биде стратегијата за компетенции за одржливост.

- Развој и имплементација на едукативни програми (специјализирани програми и кратки курсеви), како и развој на материјали за учење со примена на интерактивни методи на учење кои во фокус го ставаат учесникот. Едукативните програми кои се во тек или допрва ќе се креираат опфаќаат теми од областа на градежништво, енергетика, животна средина, економски и организациски науки, вклучувајќи теми за одржливост, климатски промени и циркуларна економија. Нивната цел е надоградување на вештини на професионалци, студенти и невработени, кои се базиират на претходна анализа на едукативните потреби и трендовите во технологија и индустријата. Во рамки на тековниот проект CATALYST се креираат 70 курсеви и 8 специјализирани програми кои вклучуваат апликативни истражувања во насока на градење одржливи системи и бизнис трансформација. Во рамките на проектот EU-REPAIR ќе се развие едукативна програма за одржлива обнова на градби со историско значење, каде што акцент ќе се стави на зголемувањето на климатската отпорност и неутралност на градбите од културното наследство во однос на нивната обнова, конзервација, енергетска ефикасност, реставрација со одржливи материјали. Програмата ќе биде наменета за професионалци и студенти кои работат со градби со историско и културно

Дрезденска 52
1000 Скопје
Република Северна Македонија

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

значење. Истата ќе се креира во текот на 2025 и 2026 година, а ќе биде имплементирана во 2026 и 2027 година.

- Иницирање на нова заедничка студиска програма во соработка со домашни и странски високообразовни и истражувачки институции во областа на циркуларна економија. Целта на оваа програма за последипломски студии ќе биде да се трансферираат резултатите од научните истражувањата во едукацијата, како и да се овозможат услови на вклучување на студентите во апликативни истражувања во сорабтка со компании, создавајќи предлози и одржливи решенија за нивните актуелни проблеми поврзани со бизнис трансформација и адаптација на циркуларните принципи.

- Подобрување на компетенциите на академскиот и административниот кадар преку спроведување интерни обуки, менторирање на работно место и учество на работилници и семинари организирани од други институции. Дел од темите за кои ќе се подобруваат компетенциите се однесуваат на јакнење на компетенции за методика на настава и креирање на едукативни програми и материјали за учење на далечина, подобрување на истражувачки компетенции и примена на иновативни и интерактивни методи за истражување, подобрување на фасилитаторски вештини за спроведување на живи лаборатории и работилници со вклучување на претставници на различни засегнати страни.

- Креирање и одржување на платформи за едукација, знаење, размена на информации и вмрежување преку онлајн едукација со користење на иновативни методи на учење. ИЕГЕ во периодот разви експертиза во дизајнирање и одржување платформи за едукација, размена на знаење и информации и поврзување. Се планира со продолжување со овие активности и во наредниот период.

- Иницирање и реализација на меѓународни едукативни проекти со цел пренесување на експертизата на ИЕГЕ. Преку овие проекти ИЕГЕ има за цел да изгради стратешки партнерства во високо образование, образование на возрасни и стручно образование, да пренесе знаења за градење на нови капацитети во образовни институции во други држави во развој, да учествува во креирање на центри за извонредност во стручно образование, како и проекти кои поттикнуваат новини и иновативни методи во едукација и креирање алијанси за знаења и иновации.

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

# 4. Апликативна работа и консултанство

ИЕГЕ нуди сеопфатни консултантски услуги наменети за општините, јавните институции и универзитети и компании.

**Консултантски услуги наменети за општините**

Со цел да ги зајакне капацитетите на општините во справувањето со современите предизвици и унапредување на одржливиот развој, ИЕГЕ нуди холистички пристап, со примена на иновативна рамка за размислување за да им помогне на општините да се справат со сложените социјални, економски и еколошки проблеми.

- Во областа на одржливиот туризам, ИЕГЕ ги води општините и локалните компании во интеграцијата на одржливоста во нивното планирање и услуги. Ова вклучува развој на стратегии кои го оптимизираат користењето на природните ресурси, почитуваат и зачувуваат социо-културните вредности и поддржуваат создавање одржливи туристички производи кои придонесуваат за долгорочен раст и благосостојба на заедницата.
- Зачувувањето на културното наследство е клучен аспект на одржливиот туризам. ИЕГЕ нуди експертски совети за развој на одржливи решенија за зачувување на изграденото наследство, ублажување на влијанијата од климатските промени и управување со уникатните вредности на УНЕСКО локалитетите.
- Одржливото управување со отпад е уште една област во која ИЕГЕ ги поддржува општините. Преку едукација на општинските вработени и предлагање ефективни методи за интеграција на одржливи практики, ИЕГЕ им помага на општините да ги исполнат обврските за управување со отпад и да ја подобрат нивната законска усогласеност. Се обезбедува практично инженерско знаење и иновативни решенија за да се осигура дека системите за управување со отпад се ефикасни и одржливи.
- Во областа на управувањето со ресурси, ИЕГЕ им помага на општините да усвојат интегрирани пристапи за користење на водата и енергијата. Овие стратегии се дизајнирани да бидат усогласени со националните и европските политики, затворајќи ги празнините во знаењето и решавајќи ги предизвиците на одржливото управување со ресурси во јавниот и приватниот сектор.

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

**Консултантски услуги наменети за компаниите**

ИЕГЕ делува како катализатор за раст на бизнисите, овозможувајќи им на компаниите да постигнат одржливи конкурентски предности и долгорочно влијание преку трансформација во организации кои учат. ИЕГЕ ги поддржува бизнисите во управувањето со знаењето и интелектуалниот капитал, обезбедувајќи нивно усогласување со стратешките цели, организационата структура и расположливите ресурси.
Интелектуалниот капитал претставува основа на менаџментот во 21-от век, вклучувајќи го целокупното знаење, искуство, вештини, релации, иновации и организациската култура кои обезбедуваат пазарни предности. ИЕГЕ нуди сеопфатен модел за интегрирање на интелектуалниот капитал во деловните стратегии, подобрување на одржливата изведба и обезбедување конкурентност. Овој пристап користи докажана методологија која вклучува анализа, мапирање, развој на програми, пилот иницијативи и мониторинг, што резултира со мерливи резултати. Истиот е дизајниран да:

- Развие прилагодени деловни решенија за управување и мерење на интелектуалниот капитал.
- Ја оцени моменталната состојба и идните пазарни можности.
- Дизајнира и имплементира иницијативи за управување со сите компоненти на интелектуалниот капитал.
- Воспостави систем за следење за евалуација на напредокот и ефективноста.

Експертизата на ИЕГЕ им помага на компаниите да го трансформираат знаењето во стратешка моќ, обезбедувајќи нивна способност за иновации, конкуренција и успех во современото деловно опкружување.

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

## 5. Интернационализација и меѓународна соработка

Уште од самото основање ИЕГЕ почна да ја гради својата политика за интернационализација и меѓународна соработка. ИЕГЕ соработува со други институции од земјата и странство во реализација на заеднички проекти, научно-истражувачки и едукативни проекти. За потребите на меѓународната соработка ИЕГЕ одвојува финансиски средства од сопствените приходи, но користи и средства од национална и странски донатори и програми.

Институтот редовно го обновува прегледот на соработниците и партнерските институции (високобразовни, истражувачки, бизнис и невладини организации) со кои соработува. Бројот на партнери од 25 држави континуирано се зголемува, од една страна, а од друга страна, со десетина странски институции се воспоставени долгорочни активности и заедничко учество на повеќе од два проекта.

Во текот на наредниот период од 2025 до 2027 година ќе се продолжи со активности за вмрежување и промоција на ИЕГЕ, комуницирање на активностите, негување на постоечките партнерства и продлабочување на стратешките партнерства. Ова ќе се прави и на формални, и на неформални настани и средби. Предвидени се следните активности кои ќе го поддржат претходно споменатото и ќе придонесат за реализирање на стратегиските цели:

- Мапирање на стратешки партнерства – Со партнерските институции со кои се соработува повеќе од три години, ќе се реализираат средби и ќе се дефинираат активностите за соработка засновани на меѓусебните интереси и ресурси.

- Интернационализација и склучување партнерства за заеднички настап на меѓународни научно-истражувачки и едукативни проекти – ќе се следат отворените повици и ќе се изрази интерес за соработка за вклучување на ИЕГЕ во меѓународни конзорциуми, како и иницирање на нови апликации на кои носител е ИЕГЕ.

- Спроведување на активности (настани за вмрежување, вебинари за трансфер на знаење и вештини, работилници во форматот „Прашај експерт“) ќе бидат организирани преку CATALYST мрежата на европско ниво во координација на ИЕГЕ со партнерите од проектот. Учесници на овие настани ќе бидат професионалци и студенти од цела Европа.

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

- Соработка со професионални асоцијации (како на пример Комората за овластени инженери и архитекти) и бизнис асоцијации (како на пример Стопански комори) е планирана да се одвива во континуитет. Ќе се организираат работилници, тркалезни маси, панел дискусии, живи лаборатории и семинари во соработка со овие институции, на кои ќе присуствуваат претставници од јавниот и приватниот сектор, адресирајќи ги поставените клучни приоритети.

- Валидација на едукативни програми – ИЕГЕ учествува во креирање и имплементирање на едукативни програми, кои помагаат на учесниците да се стекнат со продлабочени знаења и вештини. Покрај верификувањето на програмите во Министерството за образование и наука, ИЕГЕ има за цел да обезбеди и валидација на овие програми од релевантни лица и институции на меѓународно ниво. Оваа валидација ќе служи како дополнителна потврда и препознавање на квалитетот на истите и ќе помогне во промоцијата и привлекување нови учесници.

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

# 6. Видливост, промоција и соработка со јавност

Во склад со поставените стратегиски цели за траснфер на знаења, технологии и вештини и придонес со вкупниот економски и општествен развој на национално и регионално ниво, ИЕГЕ спроведува активности кои се план да продолжат и да се засилат во периодот од 2025 до 2027 година.

Имено, за да ја зголеми видливоста, ИЕГЕ ги споделува своите активности и постигнати резултати со медиумите и социјалните мрежи со цел информираност и промоција на активностите и резултати на институтот. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми се точни, јасни, прецизни, објактивни, ажурирани и лесно достапни.
Исто така, резултатите од научно-истражувачката работа се презентираат на национални и меѓународни конференции, симпозиуми, тркалезни маси, и се публикуваат во научни и стручни списанија.
Во рамки на проектот CATALYST е основано меѓународно стручно списание насловено PROSPECTUS, каде се објавуваат трудови од домашни и научни автори, кое се издава два пати годишно. ИЕГЕ е издавач на списанието за кое е добиен ISSN мрежата (Меѓународен систем на податоци за сериски изданија). Списанието е има меѓународен издавачки одбор, во кој членуваат професори и експерти од практиката од 6 европски држави.

ИЕГЕ поттикнува соработка со академски, јавни, невладини и бизнис организации, како и меѓусебна размена и вмрежување, организирајќи работилници, живи лаборатории, презентации и средби за запознавање и партнерства. При реализацијата на овие соработки со академската и пошироката јавност, се отвараат теми за дискусија кои се од јавен интерес, за јавните институции (министерства, јавни компании, локална самоуправа), како и средби и контакти со заедници и граѓани. Темите кои се презентираат и дискутираат се однесуваат на аспекти од справување со климатски промени, поттикнување на циркуларна економија, креирање одржливи системи и поддршка при бизнис трансформација, поврзувајќи ја науката со стопанството и индустријата. Исто така, при контактите со сите засегнати страни ИЕГЕ го истакнува значењето и улогата на инвестициите во применета наука и едукација, особено на улогата и можностите за бизнис секторот во оваа улога и очекувани резултати и импакт.

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

ИЕГЕ организира и учествува на голем број на настани (тркалезни маси, панел дискусии, промоции, работилници, презентации и сл.) со цел промоција на постигнатите резултати, подигнување на информираноста и свесноста за проблематики кои се во фокусот на институтот, како и поврзување со релевантни институции и нови партнерства и соработки.

Во рамките на националните и меѓународните проекти се предвидени промотивни настани, каде се споделуваат постигнатите резултати и се комуницираат со пошироката јавност, како и се изразува можност за вклучување на заинтересираните страни во едукативните програми кои се имплементираат. Планирани се и промотивни активности на регионално ниво преку имплементација на активностите на регионалниот хаб за циркуларна економија во соработка со стопанските комори на државите од Западен Балкан.

Исто така, ИЕГЕ организира промотивни настани при имплементацијата на едукативните програми, со цел промоција на програмата и можностите за учење, пријвување и селекција на заинтересирани кандидати. Настаните кои ИЕГЕ ги организира имаат различен формат – хибриден, во живо и онлајн, во зависност од публиката и меѓународната димензија. ИЕГЕ редовно води регистар на значајни настани и прибира и анализира информации кои се од значење за успешно спроведување на истите и подобрување на задоволството на присутните.

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

## 7. Организација, квалитет и финансии

Тимот на ИЕГЕ е составен од експерти во различни сегменти на делување, професори и доктори на науки од бизнис секторот кои со својата експертиза и искуство придонесуваат кон развој на истражувачки процеси кои водат кон креирање на одржливи системи. Институтот од своето формирање до денес е подложен на постојан прилив на научен и соработнички кадар. Направениот преглед на кадарот во ИЕГЕ покажува дека просечно има 30 лица, вработени во постојан и хонорарен однос.

Согласно стратегиската цел за подобрување на компетенциите на академскиот и административниот кадар се планирани низа на обуки (интерни и екстерни), како и менторирање на работно место во корелација со плановите за кариера. Во акцискиот план за наведени активностите и темите за кои ќе бидат подобрени компетенциите на вработените.
Архивирање и чување на документите поврзани со научната и едукативната дејност се врши во електронска библиотека. Дополнително, ИЕГЕ води грижа за просторни услови за работа и превидува нивно унапредување.

ИЕГЕ постојано посветува внимание и ресурси за одржување на квалитетот на институцијата и сите процеси. Истите се следат и евалуираат според утврдените правила за самоевалуација и надворешна контрола. Имајќи предвид амбицијата на ИЕГЕ да биде препознаен центар за извонредност во истражување и едукација, планирано е да се подобри процесот на самоевалуација и за таа цел ќе биде применето ново упатство за самоевалуација, каде стандардите и индикаторите се дополнети и прилагодени за научни институти, според добри практики и препораки од меѓународни организации.

Финансирањето на ИЕГЕ се врши од различни извори, дел од европски средства преку разни програми и фондови, како и од сопствени средства на ИЕГЕ и партнерските институции. Финансирањето на научно-истражувачката работа се врши со сопствени средста и средства од партнерските организации , при што финансирањето на меѓународни научно-истражувачки проекти се врши со европски средства.

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

Планирани приходи во 2025 – 2027 година се од следните извори:

- Приходи од меѓународни и национални фондови за проекти во истражување, иновација и едукација
- Приходи од апликативни истражувачки проекти
- Приходи од едукација
- Приходи од консултантски услуги

ИЕГЕ со цел извршување на активностите во делокругот на своето работење, изврши проценка на приходите и расходите кои се очкуваат во периодот од три години. Истите се сумирани во неколку ставки:

1. Планирани приходи

Планираните приходи на ИЕГЕ се врз основа на информациите кои произлегуваат од тековните проекти кои се имплементираат и во наредните три години, како и проектираните приходи за едукација и консултантски услуги.

2. Планирани расходи

Планираните трошоци  се поделени во неколку категории:трошоци за плати, фискни, варијабилни и еднократни трошоци.

- Проценетиот износ на трошиците за плати се заснова на бројот на вработени, со намера да дојде и до благо зголемување, односно проширување на тимот со нови вработени за наредниот период од три години.
- Фиксните трошоци се однесуваат на трошоците кои се случуваат секоја година, а се однесуваат на трошоците за закуп, режиски трошоци, интернет, телефони, обезбедување.
- Варијабилните трошоци ги опфаќаат трошоците како што се набавка на канцелариски материјали, хартија за печатење, тонер, гориво, такси, маркетинг и промотивни материјали, репрезентација, патувања, курирски услуги и сл.
- Еднократните трошоци се однесуваат на трошоците за осигурување на вработените, регрес за годишен одмор, систематски прегледи.

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА
ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

**Дрезденска 52**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**

телефон: +389 2 3091 931
факс: +389 2 3066 828А

**Финансиски план за периодот 2025 – 2027 година**

| | **2025** | **2026** | **2027** |
|---|---:|---:|---:|
| **ПРИХОДИ** | | | |
| Приходи од меѓународни проекти | 11.862.858 | 13.007.250 | 14.434.050 |
| Приходи од компании за научно-истражувачки проекти | 3.690.000 | 4.305.000 | 4.612.500 |
| Приходи од едукација | 922.500 | 1.230.000 | 1.537.500 |
| Приходи од консултантски услуги | 1.107.000 | 1.722.000 | 2.152.500 |
| ***Вкупно приходи*** | **17.582.358** | **20.264.250** | **22.736.550** |
| | | | |
| **РАСХОДИ** | | | |
| Бруто плати | 12.682.284 | 14.052.750 | 15.741.540 |
| Фиксни трошоци | 1.031.355 | 1.031.355 | 1.031.355 |
| Варијабилни трошоци | 2.862.210 | 3.849.900 | 4.587.900 |
| Еднократни трошоци | 276.750 | 307.500 | 307.500 |
| ***Вкупно расходи*** | **16.852.599** | **19.241.505** | **21.668.295** |
| | | | |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | **729.759** | **1.022.745** | **1.068.255** |
| Трошоци за камати | 61.500 | 61.500 | 61.500 |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **668.259** | **961.245** | **1.006.755** |
| Данок на добивка | 66.826 | 96.124 | 100.675 |
| **НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **601.433** | **865.121** | **906.080** |

Имајќи го предвид досегашното работење и финансиски резултати, тенденцијата на ИЕГЕ е да се подобри финансиската одржливост и да се унапреди финансиското работење, што подразбира ИЕГЕ да го задржи нивото на приходи од меѓународни проекти, а да се направи напор да се добијат поголеми приходи за научно-истражувачки проекти и едукација од компании, национални и меѓународни фондови.